Бр./Nr 12-876/7
02-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на својата 35-та седница одржана ден 16.07.2026 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со број 12-1483/1 од 12.05.2025 година, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во постапката за вработување на административен службеник во Општина ------------ по јавен оглас со бр.----------------.

Предметот со број 12-1483/1 од 12.05.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител е доставена пријава со наводи за постоење на судир на интереси и неправилности во постапка за вработување на административен службеник во Општина -------- по јавен оглас со бр.----/---------, објавен од страна на Агенцијата за администрација, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1483/1. Подносителот во пријавата наведува дека се пријавил на огласот како кандидат за работното место Помлад соработник за комунални дејности, Одделение за комунални дејности, сообраќај и патишта, Сектор за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности, сообраќај и патишта. За спроведување на постапката за селекција била формирана Комисија во состав на која биле двајца членови од Општина --------, меѓу кои бил и -------------- Раководител на сектор за урбанизам во општина ---------------, кој според подносителот бил татко на кандидатот кој е избран на овој оглас.

Државната комисија со цел проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба достави барање за доставување на документација до Агенцијата за администрација.

Агенцијата за администрација до Државната комисија достави одговор со прилог документација, врз основа на која се констатира следната состојба:

Имено, согласно со член 37 став 4 од Законот за административни службеници директорот на Агенцијата за администрација, врз основа на номинација на членови од институцијата која вработува, со Решение бр.---------/-- од 23.04.2025 година формирал Комисија за селекција за вработување по јавен оглас број ----/-------- за Општина -------------, во чиј состав било и лицето посочено во пријавата ---------------, раководител на Сектор за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности, сообраќај и патишта и тоа како член на Комисијата за работно место 1 и 2.

Видно од Одлуката донесена од градоначалникот на Општина ---------- за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас со број --------/--- од 25.05.2025 година е дека за извршител за работното место Помлад соработник за комунални дејности, Одделение за комунални дејности, сообраќај и патишта, Сектор за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности, сообраќај и патишта било избрано лицето ---------------------.

Видно од Конечната ранг-листа на сите кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување со најголем освоени бодови за работните места 1 и 2 по Јавен оглас ------/------- е дека Комисијата за селекција на кандидати за вработување постапувала во состав: --------------------------------- -претседател, ------------------------- член и ------------------заменик член, односно лицето посочено во пријавата ------------------ не учествувало во работата на Комисијата.

Врз основа на увидот во доставената документација, Државната комисија оцени дека во конкретниот случај не се утврдени факти и околности кои би упатувале на постапување спротивно на одредбите од членовите 72, 74 и 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, од увидот во документацијата поврзана со постапката за вработување на -----------------, за која во пријавата е наведено дека е ќерка на пријавеното лице ---------------, произлегува дека пријавеното лице било именувано за член на Комисијата за селекција на кандидати за вработување. Меѓутоа, согласно начинот на конституирање и

функционирање на Комисијата, истата е составена од претседател, заменик претседател, двајца членови и двајца заменици членови.

Во конкретната постапка за вработување на -----------, од приложената документација произлегува дека пријавеното лице ---------------- не учествувало во работата на Комисијата, туку постапувало лицето определено за заменик-член.

Во оваа насока, за оценка на постоењето на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од значење е фактичкото учество на службеното лице во постапката, односно дали лицето преземало конкретни службени дејствија, учествувало во постапката и оценувањето на кандидатите, одлучувало или на друг начин влијаело врз постапката и нејзиниот исход.

Во конкретниот случај, не се утврдени такви дејствија од страна на пријавеното лице. Напротив, од доказите произлегува дека истиот не учествувал во постапката, туку учествувал заменикот член, поради што не бил во можност непосредно да влијае врз селекцијата и изборот на кандидатот.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК